# ПРАВИЛНИК

## ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ НА ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, јули 2014 година**

Управниот одбор на ФФМ ,врз основа на член 56 став 1 точка и од Статутот на ФФМ , на седницата одржана на ден 23.07.2014 година, усвои:

**ПРАВИЛНИК ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ**
**НА ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
(консолидиран текст 20.07.2017;04.10.2017; 07.11.2017,30.07.2019 )

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Правилникот за натпреварување ги содржи основните одредби за системот на постојани натпреварувања како и на останатите натпреварувања организирани од и во согласност со Фудбалска Федерација на Македонија (во понатамошен текст ФФМ) на територија на Република Македонија.

Овој правилник го уредува системот на натпреварувањето воопшто ,системот на постојани натпревари, непостојани натпревари ,општите услови за натпреварување, поделба на натпреварувањето, организација на натпревари, раководење со натпреварувањето, начин на регистрирање на натпревари, правилата за утврдување на пласман, влијанието на неслужбените лица на одигрувањето на натпревар, улогата на службените лица на клубовите и натпреварите и друго поврзано со одигрување на натпревари на територија на Република Македонија.

### Член 2

Натпреварувањата кои ги регулира овој правилник се играат по Правилата за игра кои ги донесува Меѓународниот Борд во зависност од категоријата на натпреварување, а ги објавува Федерацијата на меѓународни фудбалски асоцијации - ФИФА.

Одлука за примена на Правилата на фудбалската игра, во рамките на овластувањата што ги даваат Правилата за игра и Меѓународниот Борд, ги донесува Собранието на ФФМ, а посебни упатства за примена на тие Одлуки донесува Управниот Одбор (во натамошен текст УО) на ФФМ.

Официјален текст за Правилата за игра со одлуките на ФФМ за примена на Правилата за игра и упатства го објавува ФФМ во службено –информативниот лист „Макфудбал".

### Член 3

Овој Правилник според полот на учесниците во играта регулира натпреварување во:

- машка конкуренција
- женска конкуренција

Зборот фудбалер во рамките на овој правилник се однесува соодветно на двата пола – машки и женски.

**Член 4**

Фудбал во машка конкуренција во рамките на овој правилник се организира како:

- натпреварување во кое учествуваат по 11 фудбалери од машки пол од двете страни, на терен со природна или вештачка трева со димензии: ширина од 50 -75 метри и соодветна должина од 90-115 метри , во понатамошниот текст „фудбал".
- натпреварување во кое учествуваат по 5 фудбалери од машки пол од двете страни во сала со димензии на терен: ширина од 15-25 метри и соодветна должина од 25 - 42 метри изработен од дрво или вештачки материјал, во понатамошниот текст „мал фудбал/футсал"
- фудбал на плажа/песок/ согласно пропозиции донесени од УО

Меѓународни натпревари во фудбал се играат на стадион согласно Правилникот за инфраструктура на ФФМ и стандардите на УЕФА и ФИФА.

Меѓународни натпревари во мал фудбал се играат на терен согласно стандардите на УЕФА и ФИФА.

**Член 5**

Фудбал во женска конкуренција во понатамошниот текст „женски фудбал"се организира како натпреварување во кое учествуваат по 11 фудбалери од женски пол од двете страни на терен определен како во категоријата „фудбал".

Меѓународни натпревари во женски фудбал се играат на стадион согласно Правилникот за инфраструктура на ФФМ и стандардите на УЕФА и ФИФА

**Член 6**

Натпреварувањето во фудбал на плажа/песок/ може да се организира како постојано или непостојано натпреварување за што одлука носи УО на ФФМ.

**Член 7**

Натпреварувачка година/сезона почнува на 15.06. во тековната година а завршува на 14.06 наредната година.

Натпреварувачката година независно од категоријата и видот на натпреварување е поделено на два дела:

- есен – период на започнување на натпреварувачката година и завршување на првиот дел / сезона/ од натпреварувањето
- пролет – период на започнување на вториот дел од натпреварувањето и завршување на натпреварувачката година.

**Член 8**

Овој правилник се однесува на сите јавни постојани и непостојани:

- официјални и неофицијални натпревари,
- официјални турнири и неофицијални промотивни и меморијални турнири,

во организација на ФФМ, членките на ФФМ или субјект кој добил одобрение за таква организација од страна на надлежен орган на ФФМ.

**Член 9**

Јавни натпревари во смисла на овој Правилник се сите натпревари независно дали се дел од системот на постојано или непостојано натпреварување за кои согласно позитивните законски прописи и актите на ФФМ домаќинот има обврска да ги пријави кај надлежен орган на МВР на РМ.

**НАТПРЕВАРУВАЊА**

**Член 10**

Постојани натпреварувања во смисла на овој Правилник се првенствените и куп натпреварувања кои се одржуваат секоја натпреварувачка година согласно системот на постојани натпреварувања во организација на ФФМ и членките на ФФМ.

Под постојани натпреварувања се сметаат и натпреварите (квалификации, баражи и слично) со кои клубовите обезбедуваат одреден статус во лигата.

**Член 11**

Непостојани натпреварувања во рамките на овој Правилник се натпреварувања кои не се влезени во системот за натпревари како постојани а за нивно организирање во текот на определен временски период постои одлука од надлежен орган на ФФМ/ОФС.

Под терминот непостојани натпреварувања се подразбираат и сите организирани пријателски, тренинг натпревари, промотивни, меморијални и други турнири.

Тренинг натпревар е натпревар кој се организира во рамките на еден клуб за време на тренажниот процес и истиот нема статус на јавен натпревар.

**Член 12**

Натпреварите од постојаните натпреварувања се официјални натпреварувања и имаат само национален карактер.

**Член 13**

Натпреварите од непостојаните натпреварувања се неофицијални натпреварувања и можат да имаат и меѓународен карактер доколку за тоа добијат одобрение од надлежен орган на ФФМ.

**Член 14**

Официјални натпревари во рамките на овој правилник се натпревари кои по правило се дел од системот на постојани натпреварувања и од кои произлегуваат определени права за учество во натпреварување од повисок ранг.

Неофицијални натпревари во рамките на овој правилник се натпревари кои по правило се дел од непостојаните натпреварувања, од кои не произлегуваат

определени права за учество во натпреварување од повисок ранг и/или не важат во целост правилата за натпреварување кои се применуваат на постојано натпреварување.

Исклучок од став 1 и 2 е натпреварувањето во детски фудбал .

**Член 15**

За секое постојано натпреварување согласно системот за натпревари се изготвуваат Пропозиции за натпреварување.

Управниот одбор на ФФМ пред почеток на есенскиот дел на новата натпреварувачка година ги усвојува Пропозициите за постојаните натпреварувањата уредени со овој Правилник.

Управниот Одбор на Општинскиот фудбалски сојуз (во понатамошниот текст ОФС) донесува пропозиции за натпреварувањето што го води.

За промотивните и меморијални турнири, пропозиции изготвува субјектот кој добил одобрение за таква организација од страна на надлежен орган на ФФМ.

Со пропозициите подетално се уредуваат правилата на натпреварувањето, раководењето, организацијата, правата и должностите на екипите, службените лица и други прашања кои се однесуваат на натпреварувањата.

Пропозициите мора да бидат во согласност со овој Правилник и останатите акти на ФФМ.

**ПОСТОЈАНИ НАТПРЕВАРУВАЊА**

**Член 16**

Системот на постојани натпреварувања на територија на Република Македонија е единствен и него го утврдува Генералното собрание на ФФМ.

Во случај Собранието да не може да се состане поради вонредни или оправдани околности а причината за промена на системот е неопходна, Управниот одбор на ФФМ со 2/3 мнозинство има овластување да постапи и одлучува за промена на системот.

Одлуката на Управниот одбор се верификува на наредното Генерално Собрание.

**Член 17**

Собранието носи одлука за измена на системот на натпреварување најдоцна една година пред почетокот на натпреварувањето.

По исклучок, одлука за измени на системот на натпреварување може да се донесе и 6 (шест) месеци пред почнувањето на следната натпреварувачка година.

**Член 18**

Собранието на ОФС го определува системот на постојаните натпреварувања на ниво на територија на соодветниот ОФС .

Бројот на општинските лиги, разигрувањето за влегување во повисок ранг на натпреварување мора да биде во согласност со одлуките на Генералното собрание на ФФМ.

**Член 19**

Одлуката за системот на натпреварување уредува :
- начин на натпреварување : бод систем или куп систем;
- степени на натпреварување;
- натпреварувачки лиги/ групи во рамките на истиот степен на натпреварување.

**Член 20**

Натпреварувањата може да се организираат по еднокружен, двокружен односно повеќекружен бод систем, куп систем или комбинирано бод систем и куп систем.

Одлуката за бројот на кругови по кои ќе се одвива натпреварувањето ја носи УО на ФФМ / УО на ОФС.

**Член 21**

Постојани официјални фудбалски натпреварувања на територија на Р. Македонија во машка конкуренција се:
- Првенствено натпреварување во фудбал за сениори
- Куп натпреварување во фудбал за сениори
- Првенствено натпреварување во фудбал за млади категории
  - младинци
  - кадети
  - пионери
  - помлади пионери
- Куп натпреварување во млади категории
- Првенствено натпреварување во мал фудбал/футсал;
- Куп натпреварување во мал фудбал/футсал

Одлука за организирање на првенство во млади категории и во категоријата мал фудбал носи УО на ФФМ најмалку 6(шест) месеци пред почеток на натпреварувањето.

За натпреварувањето од претходниот став да стане постојано, одлуката ја потврдува Собранието на ФФМ.

**Член 22**

Постојани официјални фудбалски натпреварувања на територија на Р. Македонија во женска конкуренција се:
- Првенствено натпреварување во женски фудбал;
- Куп натпреварување во женски фудбал

Одлука за организирање на првенство во млади категории во категоријата женски фудбал носи УО на ФФМ најмалку 6(шест) месеци пред почеток на натпреварувањето.

За натпреварувањето од претходниот став да стане постојано, одлуката ја потврдува Собранието на ФФМ.

**Член 23**

Првенство на Македонија во фудбал на плажа/песок како постојано натпреварување може да се организира и во машка и во женска конкуренција.

Одлука за организирање на фудбал на плажа/песок носи УО на ФФМ најмалку 6(шест) месеци пред почеток на натпреварувњето.

За натпреварувањето да стане постојано, одлуката ја потврдува Собранието на ФФМ.

**Член 24**

Натпреварувањето во детски фудбал добива карактер на официјално постојано натпреварување доколку се одвива во континуитет повеќе од 5(пет) натпреварувачки години и со одлука на Собрание се утврдат права за учество во натпреварување од повисок ранг.

**Член 25**

Првенственото натпреварување се одвива во лиги.

Бројот на натпреварувачки екипи во лигите не може да биде помал од 6 (шест).

Бројот на екипите во лигите се утврдува со соодветните Пропозиции .

**Член 26**

Во машка сениорска конкуренција, првенственото натпреварување во фудбал се одвива во четири степени:

- Прва Македонска фудбалска лига (во понатамошниот текст Прва МФЛ)
- Втора Македонска фудбалска лига (во понатамошниот текст Втора МФЛ)
- Трета фудбалска лига (во понатамошниот текст Трета лига)
- Четврта општинска фудбалска лига(во понатамошниот текст општинска лига)

**Член 27**

Клубовите кои со своите сениорски екипи учествуваат во натпреварувањето во Прва МФЛ задолжително формираат екипи во 4 (четири) млади категории со кои се вклучуваат во натпреварувањето за млади категории согласно Пропозициите за натпреварување во млади категории.

Клубовите кои со своите сениорски екипи учествуваат во натпреварувањето во Втора МФЛ задолжително формираат најмалку 2 (две) екипи во млади категории со кои се вклучуваат во натпреварувањето за млади категории согласно Пропозициите за натпреварување во млади категории.

**Comment [EM1]:** измена на чл.27 УО 20.07.2017
став 1: по зборот „Прва“ се брише „косата црта и зборот Втора“
- се додава нов став 2 кој гласи: „Клубовите кои со своите сениорски екипи учествуваат во натпреварувањето во Втора МФЛ задолжително формираат најмалку 2 (две) екипи во млади категории со кои се вклучуваат во натпреварувањето за млади категории согласно Пропозициите за натпреварување во млади категории.“

**Член 28**

Во машка конкуренција во млади категории првенственото натпреварување во фудбал се одвива во три степени:

- Прва (супер) лига во соодветната млада категорија
- Втора лига во соодветната млада категорија
- Трета регионална лига во соодветната млада категорија

**Член 29**

Во машка сениорска конкуренција првенственото натпреварување во мал фудбал се одвива во два степена:

- Прва лига во мал фудбал
- Втора лига во мал фудбал

**Член 30**

Во женска сениорска конкуренција првенственото натпреварување во женски фудбал се одвива во еден степен:

- Прва лига во женски фудбал

Согласно одредбите на овој правилник, Собранието на ФФМ може да воведе повеќестепеност во натпреварувањето.

**Член 31**

Правилата за Куп натпреварувањата како постојани натпреварувања се определуваат со Пропозициите за соодветното КУП натпреварување.

Управниот одбор може да донесе одлука за одигрување на Супер КУП натпревар во кој ќе се натпреваруваат екипата која го освоила првото место на конечната ранг табела/ play off/ на Прва МФЛ и екипата која го освоила пехарот од КУП натпреварување во машка сениорска конкуренција.

Доколку екипата која го освоила првото место на конечната ранг табела /play off/ на Прва МФЛ и екипата која го освоила пехарот од КУП натпреварувањето во машка сениорска конкуренција е иста екипа, Супер КУП натпреварот не се организира.

Натпреварот од Супер КУПОТ се организира најдоцна една недела пред почеток на новото првенство.

**Член 32**

Учество во постојаните натпреварувања можат да земат правни лица регистрирани како фудбалски клубови согласно позитивните законски прописи на РМ и актите на ФФМ кои се стекнале со право за учество согласно поднесената пријава за учество во соодветното натпреварување, остварениот спортски резултат, добиената лиценца (каде што е применливо, согласно пропозициите за натпреварување)

Учеството во постојаните натпреварувања на ФФМ е доброволно.

Со поднесување на пријава за учество, клубовите се согласуваат и се обврзуваат на почитување на правилата за натпреварување,останатите акти и одлуки на органите на ФФМ .

**Член 33**

Натпреварите од системот на постојано натпреварување со исклучок на натпреварите од мал фудбал можат да се играат ако екипите на терен имаат најмалку 7 (седум) а најмногу 11(единаесет) фудбалери.

Минималниот број на фудбалери кој еден клуб може да ги внесе на записник со исклучок на клубовите од мал фудбал е 11(единаесет).

Максималниот број на фудбалери кој еден клуб може да ги внесе на записник со исклучок на клубовите од мал фудбал е 18(осумнаесет).

**Член 34**

Ако една екипа за време на играта остане со помалку од 7 (седум) фудбалери, судијата е должен играта да ја прекине во траење од 5 (пет) минути.
Доколку за време на прекинот од став 1 екипата не може да ја продолжи играта со минималниот број на фудбалери, судијата го прекинува натпреварот.

**Член 35**

Натпреварите од мал фудбал можат да се играат ако екипите на терен имаат најмалку 3 (три) а најмногу 5(пет) фудбалери.
Се што не е уредено со овој Правилник се уредува со соодветните пропозиции за натпреварување во мал фудбал.

ОРГАНИЗИРАЊЕ И ТЕК НА НАТПРЕВАР

**Член 36**

Службени простории се сите простории каде фудбалерите, стручните, техничките лица и службените лица на натпреварот ја вршат својата функција и тоа:

- Терен
- Соблекувални
- Ходници
- Просторија за делегат каде се составува записникот од натпреварот
- Просторија за судии
- Просторија за лекар
- Просторија за тренер
- Просторија за допинг контрола

Просториите од став еден претставуваат една целина и во истите освен лицата утврдени во пропозициите, не е дозволено присуство на други лица.
Во просторијата за делегат каде се составува записникот од натпреварот можат да присуствуваат единствено :

- делегатот, главниот судија, контролорот,
- доктор за допинг контрола
- претставникот на домашната екипа/капитенот во отсуство на претставникот
- претставникот на гостинската екипа/капитенот во отсуство на претставникот
- комесари за безбедност / по проценка на делегатот
- Комет администратор/ записничар
- Друго овластено лице на ФФМ
- Овластено лице од МВР / по проценка на делегатот

**Член 37**

Записник задолжително се составува за сите постојани или непостојани натпревари освен ако не е поинаку уредено со овој правилник.

За непостојаните натпреварувања каде натпреварувањето се одвива во временски период кој се поклопува со натпреварувачка полусезона/сезона, составувањето на записник се утврдува со соодветните пропозиции.

Содржината на записникот ја определува органот кој го води натпреварувањето.

Записникот на натпревари каде е одреден делегат, го составува делегатот,во негово отсуство главниот судија, согласно пропозициите на соодветното натпреварување записникот го составува и службеното лице кое е определено да ја врши функцијата делегат.

За натпреварите кои се водат во Комет системот согласно правилата утврдени во пропозициите за соодветното натпреварување под надзор на делегатот и главниот судија записникот го изготвува Комет администраторот на клубот домаќин .

Записникот се изготувува во пет примероци: по еден за клубовите, еден за делегатот, контролорот и оригиналот за органот кој го води натпреварувањето.

Бројот на дресовите на фудбалерите во записникот мора да биде ист со бројот на дресот што фудбалерот го носи на натпреварот и истиот мора да биде заведен во записникот пред почеток на натпреварот.

## Член 38

Исклучените фудбалери (само со директен црвен картон), како и службените лица од клубовите кои се отстранети од натпреварот, должни се, непосредно по завршување на натпреварот, на делегатот на натпреварот да му достават писмена изјава за исклучувањето/одстранувањето.

Службените лица на клубот и други лица пријавени на записник од страна на судијата или делегатот имаат обврска да дадат писмена изјава за настанот.

## Член 39

Записникот од натпреварот задолжително го потпишуваат претставниците на клубовите, делегатот и главниот судија.

## Член 40

Записникот од натпреварот е јавна фудбалска исправа и податоците внесени во записникот се сметаат за точни се додека не се докаже спротивното.

Ако во податоците внесени во записникот се констатира грешка, надлежниот орган кој го води натпреварувањето ќе изврши исправка по службена должност, на начин да записникот одговара на фактичката состојба.

Извршената исправка се констатира на записник од состанокот на органот кој го води натпреварувањето и за истото се известуваат сите засегнати.

## Член 41

Организирањето на натпревар, правата и обврските на организаторот се

уредуваат со Пропозициите на соодветното натпреварување.

За организацијата на натпреварот и обезбедување услови за одигрување на натпреварот одговара клубот домаќин.

Клубот домаќин е организатор на натпреварот и е првоименуваниот клуб на распоредот на натпреварите.

Клубот гостин е вторoименуваниот клуб на распоредот на натпреварите.

Клубот освен неговите екипи, стручниот штаб, службените лица на клубот и други структури го сочинуваат и неговите навивачи.

Клубот одговара за однесувањето на неговите навивачи било на свој или туѓ терен, без разлика на превземените мерки на обезбедување согласно актите на ФФМ.

Клубот е одговорен за правилниот настап на своите фудбалери и однесувањето на службените лица на клубот согласно актите на ФФМ.

**Член 42**

Клубот домаќин обезбедува терен и службени простории за одигрување на натпреварот и простории за двата тима и службените лица согласно пропишаните правила.

Клубот домаќин има обврска натпреварот благовремено да го пријави кај надлежниот орган за безбедност (МВР).

На сите натпревари клубот домаќин има обврска да обезбеди присуство на возило за итна медицинска помош и лекар односно лекарска екипа кои се легитимираат со соодветна лекарска легитимација/лиценца.

На сите натпревари клубот домаќин има обврска да обезбеди соодветна редарска служба, деца за топки ,ознаки за фоторепортерите, места за новинари во лиги каде што е применливо.

Клубот домаќин на натпревар од постојано официјално натпреварување каде е предвидена допинг контрола има обврска да обезбеди посебна просторија за допинг контрола согласно пропишаните правила.

Со пропозициите за соодветното натпреварување се уредуваат останатите обврски на клубот домаќин за организирање на натпревар.

За неофицијални непостојани натпревари/вања органот кој го раководи натпреварувањето или дава согласност за истото може да уреди и поинаку.

СЛУЖБЕНИ ЛИЦА НА НАТПРЕВАР

**Член 43**

Службени лица на натпревар се лица делегирани од надлежен орган за натпреварување и судење во соодветниот степен на натпреварување.

Како службени лица на натпревар може да се јават и контролор на судење, посебна контрола за судење, лице овластено за допинг контрола, посебна контрола на организација на натпреварот.

Претседателот на ФФМ има дискреционо право да определи супер контрола на натпревар.

**Член 44**

За сите натпревари на постојани натпреварувања, органот кој го води натпреварувањето одредува свој делегат.

Во случај на натпреварот да не дојде делегат, неговата должност ќе ја извршува главниот судија на натпреварот, доколку со пропозициите за натпреварување не е поинаку одредено.

За определени натпревари согласно пропозициите од натпреварувањето, делегатската функција ја врши контролор на судење.

Делегатот има право да врши идентификација на сите фудбалери кои настапиле пред, за време и се до петнаесет минути по завршувањето на натпреварот.

По барање на делегатот, припадниците на надлежен орган за безбедност-МВР, можат да интервенираат на секој дел на теренот.

Делегатот може, поради безбедно одигрување на натпреварот, во текот на натпреварот да побара од судијата да го прекине натпреварот и да испразни дел или цела трибина.

Останатите права и обврските на делегатот се уредени со Пропозициите на соодветното натпреварување.

**Член 45**

Сите натпревари од постојани и непостојани натпреварувања можат да ги судат само активни фудбалски судии со соодветна категорија, делегирани од надлежен орган.

Надлежен орган за судии и судење одредува судии по поднесено барање од страна на органот кој дава согласност за одигрување на непостојани натпревари независно дали е во прашање турнир или еден натпревар.

Со Правилникот за судии и судење на ФФМ регулирани се сите права и обврски на судиите.

ДОПИНГ КОНТРОЛА

**Член 46**

Допинг контрола врши овластено лице на ФФМ по налог на Здравствената комисија на ФФМ согласно правилата за допинг контрола.

СЛУЖБЕНИ ЛИЦА НА КЛУБ

ПРЕТСТАВНИК НА КЛУБ

**Член 47**

Секој клуб мора да одреди лице кое ќе го преставува на натпреварот.
На натпревар од постојаните натпреварувања, претставникот на клубот мора да има писмено овластување од својот клуб.
Претставникот на клубот на предметниот натпревар доколку му е оневозможено на записник може во рок од 24 часа по завршувањето на натпреварот писмено да го извести:
-органот кој раководи со натпреварувањето за евентуални забелешки на

однесувањето и извршувањето на должноста на делегатот на натпреварот.
-органот кој е надлежен за работата на судиите за забелешки поврзани со судењето на натпреварот.
Правата и обврските на претставникот на клубот на натпреварите од постојаните натпреварувања се уредени со Пропозициите на соодветното натпреварување.

СТРУЧЕН ШТАБ

**Член 48**

Стручниот штаб на екипите го сочинуваат шефот на стручниот штаб, тренер помошен тренер, тренер на голмани, лекар, физиотерапевт.

Екипите на клубовите кои се натпреваруваат на натпреварите од постојаните натпреварувања задолжително ги води тренер со соодветно стручно образование.

Со пропозиции или правила за издавање на лиценца на тренери за определени натпреварувања се предвидува издавање на дозвола за работа (лиценца) на тренер за определена екипа на клубот како задолжителен критериум за стекнување со право за водење на екипа на натпревари од постојаното натпреварување.

Ангажирање на тренер странец е дозволено согласно одредбите на Законот за спорт на РМ и актите на ФФМ.

КОМЕСАР ЗА БЕЗБЕДНОСТ

**Член 49**

Клубовите за потребите на натпреварувањето во насока на координација на редарската служба и обезбедување на учесниците на натпреварот определува Комесар и заменик комесар за безбедност.

Комесарите за безбедност определени за натпреварите од Прва МФЛ и Втора МФЛ, задолжително се лиценцираат.

Лиценцата на комесарот за безбедност за вршење на својата работа ја издава надлежна комисија на ФФМ.

За натпреварите од млади категории, натпреварите од мал фудбал, натпреварите од женски фудбал, лиценцирањето на комесарите за безбедност не е задолжително и се уредува со соодветните пропозиции за натпреварување.

За натпреварите од Трета и општинска лига, одлука за лиценцирање носи органот кој раководи со натпреварувањето.

КАЛЕНДАР И РАСПОРЕД

**Член 50**

Календарот за натпреварување го предлага органот кој раководи со соодветното натпреварување а го усвојува непосредно повисокиот орган на управување.

УО на ФФМ на предлог на органот кој раководи со натпреварувањето кое го организира ФФМ носи одлука за усвојување на календар за натпреварување во кој се утврдуваат термините за одигрување на натпреварите /како првенствени така и КУП/ .

Календарот за натпреварување треба да биде донесен 30 дена пред

отпочнување на натпреварувањето во соодветната конкуренција во есенскиот дел на новата натпреварувачка година.

Календарот за натпреварување треба да е нужно усогласен со термините на официјалните натпреварувања на ФИФА, УЕФА и потребите на репрезентациите на ФФМ.

При повеќестепеност во натпреварувањето, Календарот на натпреварување од понизок ранг на натпревари мора да биде во согласност со календарот на натпреварување од повисок ранг.

**Член 51**

Распоредот на натпреварите од постојаниот систем за натпреварување го утврдува органот кој раководи со натпреварувањето.

Доколку со пропозициите за натпреварување не е поинаку определено, распоредот за натпреварите се определува со ждрепка најдоцна 20 дена пред започнување на натпреварувањето.

**Член 52**

Екипите се должни согласно времето утврдено во пропозициите не помало од час и половина да бидат присутни на местото на одигрување на натпреварот.

ПРОМЕНА НА ВРЕМЕ НА ОДИГРУВАЊЕ

**Член 53**

Времето на започнување на натпреварите од постојаните натпреварувања на ФФМ го определува органот кој раководи со натпреварувањето водејќи сметка за временските услови во кои ќе се одигрува натпреварот.
Органот кој го води натпреварувањето, носи одлука за промена на времето на почетокот на определен натпревар од постојаното натпреварување доколку клуб во рок од најмалку 72 часа пред времето утврдено за одигрување во календарот за натпреварување поднесе оправдано барање за таква промена , под услов промената на часот на почеток на натпреварот да не оди на штета на другите екипи и интегритетот на натпреварувањето.
Во последните три кола пред крајот на пролетниот дел од натпреварувачката година, натпреварите започнуваат во исто време.

ОДЛОЖУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР

**Член 54**

Органот кој раководи со натпреварувањето по исклучок ( виша сила, ден на жалост, друг непредвиден случај како и по оправдано барање на клуб може да изврши поместување на термините за одигрување на одреден натпревар, одредено коло или повеќе кола, со тоа што за тој натпревар, тоа коло (или кола) одредува нови термини, а термините на одигрување на останатите натпревари, кола остануваат како утврдените во календарот.

Поместувањето на одредени натпревари и одредено коло, не смее да биде на штета на други заинтересирани клубови, ниту може со тоа да се даде предност на друг клуб, чиј натпревар се одложува, во однос на останатите учесници во

истата натпреваруваčка група.

**Член 55**

Натпреварот автоматски се одложува доколку со одлука на надлежен државен орган е прогласен ден на жалост , забрана на одржување на спортски приредби.

Натпреварот автоматски се одложува доколку поради виша сила (земјотрес, поплава, пожар и сл.) нема услови за негово одигрување.

Одложениот натпревар ќе се одигра наредниот ден во исто време доколку престанала причината за одлагање на натпреварот и доколку со пропозициите на одреденото натпреварување не е поинаку предвидено.

Ако одложениот натпревар не може да се одигра наредниот ден, органот кој раководи со натпреварувањето ќе одреди нов термин за одигрување на натпреварот водејќи сметка да не се загрози регуларноста на натпреварувањето .

Пред натпреварот, кој се игра по истекот на денот на жалоста, се изразува сочувство со минута молчење.

**Член 56**

Натпреварот задолжително се одложува доколку клубот од соодветната екипа имал обврска да ослободи 2(два) или повеќе фудбалери во “А” или репрезентација до “21” година во соодветната конкуренција ,односно најмалку 4 (четири) фудбалери за останатите млади селекции, поради одигрување на натпревар утврден со Календарот за натпреварување освен во случај кога клубот писмено се изјаснил за одигрување на натпреварот.

**Член 57**

Одлуката за одложување на натпревар /освен за одложувањето по автоматизам/ , органот кој раководи со натпреварувањето ја носи најдоцна во рок од 24 часа од доставување на барањето за одлагање и за тоа писмено (вклучувајќи го и известувањето со електронска пошта/ e-mail/) ги известува клубовите и службените лица на натпреварот.

Органот кој го води натпреварувањето има дискреционо право во спорни ситуации да определи термин и терен за одигрување на натпревар.

ОДРЕДУВАЊЕ ТЕРЕН/СТАДИОН

**Член 58**

Секоја екипа која се натпреварува во едно од постојаните натпреварувања на ФФМ, пред почеток на есенскиот дел од натпреварувачката година треба да пријави за користење главен и алтернативен терен/игралиште за одигрување на првенствените натпревари.

Во случај да барем еден клуб поднесе барање за одигрување на сите натпревари од тоа коло со ист почеток, органот кој го води натпреварувањето по процена за основаност на барањето, во интерес на регуларноста може да насочи натпреварот за кој е побарана промена на термин за ист почеток како останатите натпревари , да се одигра на алтернативниот терен, во исто време.

Доколку две екипи кои користат ист терен како главен терен, не постигнат

договор за одигрување на натпреварите, органот кој раководи со натпреварувањето, со ждрепка ќе одлучи, која екипа ќе игра на алтернативен терен.

ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

**Член 59**

Фудбалските натпревари од постојаните натпреварувања се играат на стадион/игралиште одобрено за игра согласно Одлука на УО на ФФМ донесена на предлог на Телото за инфраструктура на ФФМ во согласност со Правилникот за инфраструктура на ФФМ и овој правилник.

Доколку во Правилникот за инфраструктура не се регулирани критериуми за одигрување на натпревари во определена лига, за истите се определуваат критериуми во Пропозициите за соодветното натпреварување.

**Член 60**

За натпреварите во натпреварување кое се игра во повеќе степени а се во ранг на трети/четврти степен органот кој раководи со натпреварувањето може да пропише минимум услови кои игралиштето треба да ги исполни доколку истите не се уредени со пропозициите, во согласност со овој правилник и Правилникот за инфраструктура на ФФМ.

**Член 61**

Минимум условите кои треба објектот/салата да ги исполни за да може во тој објект да се организира и одигра првенствен или куп натпревар од мал фудбал се регулираат согласно Правилата на игра во мал фудбал и соодветните Пропозициите за натпреварување во мал фудбал.

УТВРДУВАЊЕ НА ПОДОБНОСТ НА ТЕРЕНОТ ЗА ИГРА

**Член 62**

Натпреварите можат да се играат само на терен подобен за игра.

Домашниот клуб е должен теренот да го подготви за игра и истиот да биде подобен за одигрување на натпревари.

Утврдувањето на подобноста на теренот за игра се врши од страна на судијата во присуство на капитените на двете екипи и тоа во моментот кој службено е одреден за почеток на натпреварот.

Подобноста на теренот може да се изврши и порано на денот на натпреварот под услов тоа да биде извршено од страна на судијата во присуство на двата капитена.

Дали теренот е неподобен за игра и од кои причини , одлучува единствено главниот судија кој е одреден да го води натпреварот.

Судијата и делегатот се должни во записникот да ја внесат донесената одлука за неподобност на теренот.

Во лигите каде записникот не се изготвува on line во Комет системот истиот во рок од 24 часа се доставува од страна на делегатот до органот кој раководи со натпреварувањето.

Известувањето до органот за натпреварување делегатот е должен веднаш да го изврши на начин утврден во пропозициите за натпреварување.

ФУДБАЛЕРИ

## Член 63

На натпреварите од системот на постојано натпреварување со право на настап се стекнуваат фудбалерите регистрирани согласно Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ.

Правото на настап на фудбалерите пред почеток на натпреварот го утврдува делегатот на натпреварот во присуство на претставниците на двата клуба со преглед на спортската легитимација и останатите документи предвидени со пропозициите на соодветното натпреварување.

Резервен фудбалер внесен во записник кој не учествувал во играта се смета дека не настапил.

Во временски период од 48 часа фудбалерите имаат право да настапат на најмногу 3 (три) полувремиња независно дали настапуват во натпревар од постојано или непостојано натпреварување.

Исклучок од претходниот став претставуваат фудбалерите кои имаат право на настап во натпреварувањето во фудбал за сениори и натпреварување во футсал, во случај да по истекот на 24 часа од настапот во едното натпреварување настапат и во другото натпреварување, фудбалерите имаат право да го одиграат целиот натпревар.

Comment [EM2]: УО 30.07.2019 се додава нов став 5

Фудбалер нема право на настап доколку нема редовен лекарски преглед, вонреден лекарски преглед или специјален лекарски преглед согласно одредбите на овој правилник.

## Член 64

Возрасната граница на фудбалерите кои се стекнуваат со право за настап за определена категорија како и обврската за настап на определен број на млади фудбалери во сениорските екипи се регулира со соодветните Пропозиции за натпреварување.

Клуб кој за својата екипа дозволи да настапи фудбалер на возраст која не одговара со возраста определена со соодветните Пропозиции одговара согласно одредбите на овој и Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

Клуб кој не ги почитува одредбите за задолжителен настап на одреден број на млади фудбалери определен со соодветните Пропозиции одговара согласно одредбите на овој и Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

Клуб кој не ги почитува одредбите на овој правилник за лекарски преглед одговара согласно одредбите на овој и Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

## Член 65

Ако со одлука на надлежниот орган е одредено наново одигрување на натпревар од постојано натпреварување, на новиот натпревар можат да настапат

фудбалерите  кои имаат право на настап на денот на одигрувањето на новиот натпревар.

**Член 66**

Странски фудбалери имаат право на настап за екипи  за кои се регистрирани согласно Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ се до моментот на губење на професионалниот статус на клубот за кој се регистрирани во согласност со Законот за спорт на РМ.

Бројот на странски фудбалери со кој еден клуб може да настапи е регулиран со Пропозициите за соодветното натпреварување.

Клуб кој не ги почитува одредбите за настап на странски фудбалери определен со соодветните Пропозиции одговара согласно одредбите на овој и Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

**Член 67**

На натпреварите од системот на постојани натпреварувања можат да настапат фудбалери чиј идентитет е утврден со фудбалска легитимација издадена од надлежниот орган за регистрација.

Во случај претставникот на клубот да не презентира фудбалска легитимација, идентитетот се утврдува со лична карта или патна исправа (пасош), а клубот има обврска во рок од 24 часа од одигрувањето на натпреварот да ја достави фудбалската легитимација на фудбалерот кој настапил со лична карта или пасош до органот кој го води натпреварувањето.

По исклучок клубот може по своја процена без натпреварувачки последици да внесе во игра фудбалер кој не може да се идентификува со фудбалска легитимација, лична карта или патна исправа доколку  идентитетот на фудбалерот се утврди најдоцна 15 (петнаесет) минути по завршувањето на натпреварот и тоа се констатира во записникот од натпреварот, од делегатот, главниот судија и двата претставници на клубовите.

Со пропозициите на соодветното натпреварување може да се утврдат и други начини на утврдување на идентитет на фудбалер.

ЛЕКАРСКИ ПРЕГЛЕД

**Член 68**

Секој фудбалер во својата легитимација мора да има забележан наод за извршен лекарски преглед.

Исклучок од став 1 на овој член претставува прегледот извршен пред изготвувањето на легитимацијата за што на делегатот му се доставува официјалната потврда за извршен лекарски преглед кој во рок од 48 часа се упишува во спортската легитимација.

Рок на важноста на лекарскиот преглед за фудбалери кои на денот на прегледот имаат најмалку 17 години трае 6 (шест) месеци, а за фудбалерите помлади од 17 години 4 (четири) месеци.

Фудбалер кој нема лекарски преглед во легитимацијата, нема право да настапи на натпревар освен ако има важечки  специјален лекарски преглед.

**Член 69**

Специјалниот лекарски преглед е со важност од 6 (шест) месеци за фудбалер од младите категории кој настапува за сениорската екипа, а четири месеци за фудбалер од млади категории за настап во екипа од повозрасна млада категорија ако е тоа предвидено во пропозициите за натпреварувањето во млади категории.

Фудбалер со важечки специјален лекарски преглед може да настапува и во случај кога е истечена важноста на редовниот лекарски преглед.

**Член 70**

Во случај кога фудбалерот настапува со лична карта или пасош и клубот не презентира специјален лекарски преглед ,клубот има обврска во рок од 24 часа да ја достави фудбалската легитимација со заверен лекарски преглед на увид на органот кој раководи со натпреварувањето или со фудбалската легитимација да достави важечки специјален лекарски преглед.

Доколку за време на натпревар на фудбалер со важечки лекарски преглед му се влоши здравствената состојба, органот кој го води натпреварувањето може да донесе одлука со која ќе го задолжи клубот да го упати фудбалерот на вонреден лекарски преглед.

**Член 71**

Лекарскиот преглед на фудбалерите се врши во јавни или приватни здравствени установи од страна на специјалист по спортска медицина.

Доколку во населеното место каде што е седиштето на клубот и пошироко во радиус од 30км нема јавна или приватна здравствена установа во која е ангажиран специјалист по спортска медицина, лекарскиот преглед може да го изврши и лекар-специјалист интернист.

Специјален лекарски преглед врши само специјалист по спортска медицина.

ЗАМЕНА НА ФУДБАЛЕРИ

**Член 72**

Фудбалерите кои нема да го започнат натпреварот можат дополнително да влезат во игра се до крајот на натпреварот, на начин утврден со правилата за фудбалската игра под услов тие фудбалери да се внесени во записникот пред започнувањето на натпреварот.

На сите натпревари од системот на постојано натпреварување, една екипа во текот на играта може да замени најмногу 3 (три) фудбалери.

Исклучок од ова правило е натпреварувањето во млади категории, женски фудбал и мал фудбал каде бројот на замени е утврден со соодветните Пропозиции за натпреварување .

ДРЕСОВИ

**Член 73**

Сите клубови кои се натпреваруваат во системот на постојани натпреварувања имаат обврска да го известат органот на натпреварување за основната и резервната боја на дресовите со кои нивната сениорска/екипа од млади категории ќе настапи во соодветното натпреварување во рок од 15 дена пред почетокот на натпреварувањето.

Фудбалерите кои настапуваат, на грбот на дресот кој го носат, имаат број од 1 до 99, во зависност од бројот под кој се евидентирани во записникот од натпреварот пред почетокот на натпреварот.

**Член 74**

Екипа на еден натпревар не може да настапи со дресови кои имаат иста или слична боја со екипата на својот противник или судиите на натпреварот.

Голманите на екипите задолжително имаат дресови кои во бојата битно се разликуваат од сите останати дресови како на својата така и на противничката екипа и службените лица на теренот.

НАТПРЕВАРУВАЧКИ МЕРКИ И КАЗНИ

**Член 75**

Органот кој го води натпреварувањето за клубовите , учесниците во играта, службените лица на клубови, службените лица на натпревар за непревземените обврски кои имале должност да ги превземат ,за сторените прекршоци пред, за време и по натпреварите може да побара покренување на дисциплинска постапка како и да им изрече засебно или кумулативно една од следните мерки и казни:

- автоматска парична казна
- автоматска забрана на играње од еден натпревар
- суспензија
- регистрирање на натпревар со службен резултат 3:0 за противничката екипа
- поништување на натпревар
- наново одигрување на натпревар
- одземање бодови
- надомест на штета
- дисквалификување од натпреварување

**Член 76**

Суспензија претставува времена мерка со која се забранува:

- на физичко лице да ја врши својата функција
- на фудбалер (како физичко лице) да настапува
- на правно лице да учествува во системот на натпревари
- на правно лице да користи права од членство
- на правно лице да користи определен терен за одигрување на натпревари

Суспензијата може да биде автоматска и донесена со одлука од надлежен орган.

Надлежен орган за изрекување на суспензија во рамките на овој правилник е

органот кој раководи со натпреварувањето.

Надлежниот орган суспензија може да се изрече најдоцна 48 часа пред следниот натпревар.

**Член 77**

Суспензијата е автоматска за:

- фудбалер исклучен за време на натпревар(црвен картон)
- службено лице на клубот исклучено за време на натпревар
- фудбалер за прекршување на анти-допинг правилата, од моментот на добивање на информација од надлежно тело.
- за терен доколку физички е нападнато службено лице на натпревар (судија, делегат).

ПРЕКРШОЦИ

ЈАВНИ ОПОМЕНИ и АВТОМАТСКИ ПАРИЧНИ КАЗНИ

**Член 78**

Фудбалер кој настапува во натпревар од постојано натпреварување во фудбал/женски фудбал и добил (5) пет јавни опомени/ жолти картони/ последователно, на наредниот натпревар ја издржува автоматската казна забрана на играње од еден натпревар.

Фудбалер кој настапува во КУП натпревар од постојано натпреварување во фудбал и добил (3) три јавни опомени/ жолти картони/ последователно, на наредниот натпревар ја издржува автоматската казна забрана на играње од еден натпревар.

Доколку играчот на натпревар од постојано натпреварување во фудбал/женски фудбал добие пет жолти картони последователно од кои петтиот во последното коло, тогаш жолтите картони односно јавните опомени не влегуваат во евиденција за наредното првенство/се бришат/, но важат при одигрување на бараж, квалификациски и други натпревари од тековната натпреварувачка година.

Клубот е должен да води евиденција за правилен настап на фудбалерот во врска со став еден и два на овој член.

За секој добиен жолт картон на фудбалерот, органот кој раководи со натпреварувањето го задолжува клубот со автоматска парична казна согласно Пропозициите за соодветното натпреварување.

Доколку на натпревар се изречени и констатирани на записник опомени на службените лица на клубот (стручен штаб-тренер, лекар, физиотерапеут; претставник, комесар и др.) и е евидентно дека клубот го прекршил правилото од член 33 став 2 од овој правилник, органот кој раководи со натпреварувањето го задолжува клубот со автоматска парична казна согласно Пропозициите за соодветното натпреварување.

ИСКЛУЧУВАЊА ОД НАТПРЕВАР и АВТОМАТСКИ ПАРИЧНИ КАЗНИ

**Член 79**

Органот кој раководи со натпреварувањето го задолжува клубот со автоматска парична казна за секој исклучен фудбалер/добиен црвен картон/ согласно Пропозициите за соодветното натпреварување.

Доколку на натпревар се изречени и констатирани на записник одстранувања од натпревар на службени лица на клубот (стручен штаб-тренер, лекар, физиотерапеут; претставник, комесар и др.), органот кој раководи со натпреварувањето го задолжува клубот со автоматска парична казна согласно Пропозициите за соодветното натпреварување.

За службеното лице на клубот кое е одстрането се поднесува барање за покренување на дисциплинска постапка.

За присуство на неслужбени лица во оградениот дел од теренот и службените простории – клубот домаќин ќе се казни со автоматска парична казна согласно Пропозициите за соодветното натпреварување за што се поднесува барање за покренување на дисциплинска постапка.

НЕОДИГРУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР

**Член 80**

Доколку на термин на закажан натпревар од постојано натпреварување едната или двете екипи неоправдано не пристигнат и не настапат со минимално утврдениот број на фудбалери во рок од 30 (триесет) минути од одреденото време за почеток на натпреварот судијата ќе му соопшти на капитенот на противничката екипа и/или делегатот на натпреварот доколку двете екипи не пристигнат дека натпреварот нема да се одигра и тоа ќе го внесе во записникот од натпреварот.

По исклучок, ако екипата најавила дека ќе дојде а не можела да пристигне и настапи поради виша сила, судијата може да го продолжи времето на чекање, водејќи сметка за времетраењето на натпреварот и регуларноста на првенството, посебно ако се во прашање последните три кола од првенството.

Клубот кој неоправдано не го одиграл натпреварот има обврска да ја надомести претрпената штета на противничкиот клуб.

Висината на штетата ја утврдува органот кој раководи со натпреварувањето врз основа на документирано барање на клубот.

Органот кој го води натпреварувањето ќе го регистрира натпреварот со службен резултат 3:0 за противничката екипа, доколку констатира дека екипата неоправдано не се појавила на натпреварот.

Доколку двете екипи неоправдано, не пристигнат и настапат на термин на закажан натпревар од постојано натпреварување, одговараат согласно одредбите на ДП на ФФМ, натпреварот ќе се смета за одигран.

**Член 81**

Органот кој го води натпреварувањето ќе го регистрира натпреварот со службен резултат 3:0 за гостинската екипа во случај натпреварот да не започнал поради одлука на главниот судија констатирана на записник поради занемарување на обврската на клубот домаќин да го подготви теренот за игра со што истиот станал неподобен за одигрување на натпревари.

Клубот домаќин за занемарувањето на обврските од став 1 одговара согласно ДП на ФФМ.

**Член 82**

Екипа која неоправдано не настапи на 2(два) првенствени или куп натпревари (или еден првенствени и еден куп натпревар) од системот на постојани натпреварувања се дисквалификува од понатамошно натпреварување.

Дисквалификуваната екипа од став 1 на овој член во наредната натпреварувачка година се враќа во најнизок степен на натпреварување во зависност од бројот на степени кои предметното натпреварување ги има.

Comment [EM3]: измени УО 07.11.2017

Во случај на дисквалификација на екипа поради одземање на лиценцата за натпреварување, во наредната натпреварувачка година екипата се враќа во понизок степен на натпреварување.

Comment [EM4]: измени УО 07.11.2017

Органот кој го води натпреварувањето ќе поднесе барање за покренување на дисциплинска постапка за одговорност на екипа која неоправдано не настапила на 2 (два) првенствени или куп натпревари (или еден првенствен и еден куп натпревар) од системот на постојани натпреварувања.

**Член 83**

Органот кој го води натпреварувањето ќе донесе одлука за забрана на вклучување во натпреварување во наредната натпреварувачка година на екипа која е дисквалификувана а се натпреварува во постојано натпреварување во еден степен или екипата се натпреварувала во најнискиот степен.

ПРЕКИН НА НАТПРЕВАР

**Член 84**

Доколку на натпревар од постојано натпреварување во текот на играта, во игра останат помалку фудбалери од минимално утврдениот број за игра, судијата ќе му соопшти на капитенот на екипата/делегатот дека натпреварот нема да продолжи и тоа ќе го внесе во записникот од натпреварот.

Органот кој го води натпреварувањето ќе го регистрира натпреварот со службен резултат 3:0 односно со поповолно постигнатиот резултат за противничката екипа доколку едната екипа во текот на играта останала без минимално утврдениот број на фудбалери за игра.

**Член 85**

Доколку судија констатирал на записник дека натпревар од постојано натпреварување го прекинал од оправдани причини кои не можеле да бидат одстранети (невреме, магла, темница, прекин на електрична енергија, пожар, земјотрес и друго) а прекинот на натпреварот е настанат:

- по изминување на 80% од регуларното време одредено за игра согласно Правилата на фудбалска игра, органот кој го води натпреварувањето ќе донесе одлука за регистрирање на натпреварот со постигнат резултат.

- пред да измине 80% од регуларното време одредено за игра согласно Правилата на фудбалска игра, органот кој го води натпреварувањето ќе донесе одлука за продолжување на натпреварот во рок од 24 часа на истиот или алтернативниот терен во зависност од условите за игра. Натпреварот продолжува од минутата во која истиот е запрен.

Comment [EM5]: UO 30.07.2019 измена и дополнување на алинеа 2 на начин што: по зборовите „ќе донесе одлука за“ се бришат зборовите „одигрување на нов натпревар“ и се додаваат зборовите „продолжување на натпреварот во рок од 24 часа на истиот или алтернативниот терен во зависност од условите за игра. Натпреварот продолжува од минутата во која истиот е запрен

Клуб чија екипа нема да настапи на наново закажан натпревар ќе одговара согласно одредбите на ДП на ФФМ, а натпреварот ќе се регистрира со службен резултат 3:0 во корист на противничката екипа.

Ако двете екипи неоправдано не настапат на наново закажаниот натпревар, натпреварот се смета за одигран а клубовите одговараат согласно ДП на ФФМ.

### Член 86

Доколку екипата или дел од екипата направила прекин на натпреварот напуштајќи го теренот а натпреварот од тие причини не можел да продолжи органот кој го води натпреварувањето ќе донесе одлука со која натпреварот ќе се регистрира со службен резултат 3:0 во корист на противничката екипа доколку до прекинот не е постигнат подобар резултат за противничката екипа.

Против екипата која го напуштила теренот се поднесува барање за покренување на дисциплинска постапка.

### Член 87

Доколку екипата или дел од екипата вклучувајќи ги и службените лица на клубот со грубо однесување, непочитување на одлука на судија , физички напад на службено лице на натпреварот, предизвикаат неред/инцидент и др. и со тоа предизвикаат прекин на натпреварот, органот кој го води натпреварувањето ќе донесе одлука со која натпреварот ќе се регистрира со службен резултат 3:0 во корист на противничката екипа доколку до прекинот не е постигнат подобар резултат за противничката екипа.

Против предизвикувачите на прекинот се поднесува барање за покренување на дисциплинска постапка.

### Член 88

Ако во постапката која се води пред органот кој го води натпреварувањето се утврди дека за прекинот поради неред или инцидент нема одговорност ниту на една екипа , односно дека за прекинот се одговорни и двете екипи подеднакво и дека организаторот ги презел сите мерки на безбедност согласно правилата, органот кој го води натпреварувањето може да донесе одлука:

- натпреварот наново да се одигра
- натпреварот да го регистрира со постигнатиот резултат.

Против предизвикувачите на прекинот се поднесува барање за покренување на дисциплинска постапка.

### Член 89

Во случај на грубо, вулгарно и непристојно скандирање на гледачите и подржувачите, како и истакнување пароли со неспортска и непристојна содржина,

поради што натпреварот е прекинат по барање на делегатот на натпреварот, натпреварот ќе се одигра во рок од 24 часа без присуство на гледачи.

Трошоците за одигрување на новиот натпревар ги подмирува клубот чии подржувачи го предизвикале прекинот.

Во случај да не може да се утврди чии подржувачи биле гледачите, трошоците за одржување на новиот натпревар ќе ги сносат двете екипи подеднакво.

Екипата чии подржувачи се одговорни за прекинот одговара согласно одредбите на дисциплинскиот правилник на ФФМ.

Одредбите на овој член се применуваат на финални КУП натпревари во организација на ФФМ за сите категории.

**Член 90**

Во случај на грубо, вулгарно и непристојно скандирање на гледачите и подржувачите, како и истакнување пароли со неспортска и непристојна содржина, по неуспешен обид да се испразни предметната трибина поради што натпреварот е прекинат по барање на делегатот на првенствениот или КУП натпревар, натпреварот ќе се регистрира со службен резултат 3 : 0 на штета на екипата чии гледачи/поддржувачи биле иницијатори за ваквиот прекин освен во случаи кога до прекинот на играта не е постигнат подобар резултат за екипата која натпреварот го добива службено.

Екипата чии подржувачи се одговорни за прекинот одговара согласно одредбите на дисциплинскиот правилник на ФФМ.

Ако органот за натпреварување утврди дека гледачите/поддржувачи иницијатори за прекинот дефиниран во став 1 не се поддржувачи на екипите учесници во натпреварот , односно дека за прекинот придонеле гледачите/ поддржувачи на двете екипи подеднакво , надлежниот орган на натпреварување може да одлучи да се одигра нов натпревар или прекинатиот да го регистрира со постигнатиот резултат.

Во случај орган на натпреварување да одлучи да се одигра нов натпревар а не може да утврди чии подржувачи биле гледачите, трошоците за одржување на новиот натпревар ќе ги сносат двете екипи подеднакво.

Новиот натпревар се одигрува во рок од 24 часа без присуство на гледачи.

**Член 91**

Екипата која со напуштањето на теренот или предизвикување на инцидент го прекинала натпреварот/куп/, се стекне со поволна резултатска предност и со службениот резултат нанесува штета на другата екипа, не може да ги користи така стекнатите предности.

**Член 92**

Органот кој го води натпреварувањето ќе поднесе барање за покренување на дисциплинска постапка за одговорност на екипа која во една натпреварувачка година направи 2 (два) прекина во системот на постојани натпреварувања.

Натпреварувачките последици од ваквиот прекршок се утврдуваат по донесена одлука на Дисциплинската комисија во итна постапка.

Доколку предметното постојано натпреварување има еден степен на натпреварување или екипата која е дисквалификувана се натпреварува во најнискиот степен, органот кој го води натпреварувањето ќе донесе одлука за забрана на вклучување во натпреварување во наредната натпреварувачка година.

**Член 93**

Доколку една екипа која се натпреварува во ист степен на натпреварување од системот на постојано натпреварување континуирано во рок од 3 (три) натпреварувачки години направи 3 (три) прекини се применуваат одредбите од овој правилник кои регулираат два прекина во една натпреварувачка година

Доколку една екипа натпреварувајки се во различен степен на натпреварување континуирано во рок од 3 (три) натпреварувачки години направи 3 (три) прекини по ист основ се применуваат одредбите од овој правилник кои регулираат два прекина во една натпреварувачка година.

Доколку екипата која поради два прекина во една натпреварувачка година е дисквалификувана и е насочена да се натпреварува во натпреварување со еден степен подолу и во натпреварувачка година која следи направи повторно прекин истиот добива третман на прв прекин во циклусот од три години.

СУСПЕНЗИЈА

**Член 94**

За физички напад на службено лице на натпревар, констатиран на записник, теренот на кој екипата настапува автоматски се суспендира.

За физички напад на службено лице , екипа пред за време и по натпревар наведен во дополнителен извештај 24 часа по натпревар, органот кој го раководи натпреварувањето може да се произнесе со одлука за суспензија на теренот.

**Член 95**

При прекин на натпревар поради неред или инцидент органот кој го раководи натпреварувањето може да го суспендира одигрувањето на натпревари на теренот на кој екипата одговорна за прекинот настапува или на пошироко подрачје до донесувањето на конечна одлука.

РЕГИСТРИРАЊЕ НА НАТПРЕВАРИ

**Член 96**

По завршување на тековното коло/натпревар од соодветната лига на постојано официјално натпреварување на ФФМ натпреварот ќе се регистрира со постигнат резултат ако на натпреварот не е вложена жалба, а не постојат основи за регистрирање на натпреварот по службена должност со 3:0 (службено).

Органот кој го води натпреварувањето ги регистрира натпреварите во рокот кој е утврден во пропозициите на соодветното натпреварување.

Натпреварите не се регистрираат пред истекување на рокот за вложување на жалба.

Еднаш регистриран натпревар истиот орган нема право повторно да го

регистрира.

Исклучок од правилото од претходниот став на овој член е постапување на првостепениот орган во жалбена постапка.

Екипа која победи на натпреварот добива 3 (три) бода, кога натпреварот ќе заврши нерешено двете екипи добиваат по 1 (еден) бод, за загубен натпревар не се добива ниеден бод.

Органот кој го води натпреварувањето, натпреварот може да го поништи согласно одредбите на овој правилник.

Во случај натпреварот да е поништен, Органот кој го води натпреварувањето може да донесе одлука:

- натпреварот наново да се одигра
- натпреварот да се евидентира како одигран, бодовите од натпреварот не се доделуваат на ниедна екипа, постигнатите голови не се евидентираат и не влегуваат во евиденција на дадени голови на фудбалерите.
-

**Член 97**

Натпреварот се прогласува за нерегуларен доколку има недозволено влијание на текот и исходот на натпреварот.

Нерегуларноста може да се утврди врз основа на конечна одлука на Дисциплинска комисија или со пресуда на надлежен суд.

Доколку натпреварот се прогласи за нерегуларен и се утврди дека:

- двете екипи се виновни за нерегуларноста,натпреварот се поништува и се евидентира како одигран

- едната екипа е виновна за нерегуларност ,одлуката за регистрација на натпреварот се поништува, натпреварот се регистрира со службен резултат 3:0 за противничката екипа доколку не постигнала поповолен резултат на натпреварот.

**Член 98**

Органот кој го води натпреварувањето врз основа на конечна одлука на Дисциплинска комисија, за сторен дисциплински прекршок поврзан со недозволено влијание и исход на натпревар согласно ДП на ФФМ, од страна на судиите на натпреварот, ќе го поништи натпреварот и ќе утврди термин за наново одигрување на истиот доколку не е започнато одигрувањето на последните три кола согласно распоредот на натпреварување.

Органот кој го води натпреварувањето ќе постапи согласно претходниот став и во случај кога надлежен суд донел пресуда против фудбалски судија за кривично дело поврзано со недозволено влијание и исход на натпревар на кој тој судел и влијаел на конечниот резултат.

**Член 99**

Органот кој го води натпреварувањето постапувајќи по пријава на службено лице на натпревар, засегнат клуб,орган на фудбалска организација или по службена должност ќе одземе онолку бодови колку екипата освоила на тој натпревар, доколку клубот на првенствен/куп натпревар направил еден од наведените прекршоци:

- настапил со фудбалер кој према одредбите на овој Правилник, нема

доволен број години на живот за настап во соодветна екипа.
- настапил со фудбалер кој нема лекарски преглед согласно одредбите на овој Правилник.
- настапил со фудбалер кој за временски период од 48 часа имал настап на повеќе од три полувремиња.

Доколку клубот направил најмалку два од наведените прекршоци во претходниот став ,органот кој го води натпреварувањето ќе одземе еден бод повеќе од освоените на натпреварот.

Ако двата клуба сториле по еден прекршок, тогаш одредбите од став еден на овој член се применуваат на двата клуба.

Доколку прекршокот е сторен на куп натпревар, од едната или двете екипи тогаш екипите на клубот/клубовите кои го сториле прекршокот се елиминираат од куп натпреварувањето.

ОДЛУКА ПО ЖАЛБА

**Член 100**

На основ на поднесена жалба по натпревар натпреварот ќе се регистрира со службен резултат 3:0 во корист на екипата која се жалела доколку за време на натпреварот не е постигнат поповолен резултат, доколку противничката екипа:

1. Настапила со фудбалер кој за неа не е регистриран,
2. Настапила со фудбалер кој немал право на настап на тој натпревар за таа екипа, врз основа на одлука на надлежен орган или причини предвидени со одредбите на општите акти на ФФМ, неземајќи ги во предвид одредбите на член 99 од овој правилник.
3. Настапила со фудбалер за кој не е утврден идентитет по одредбите на овој Правилник.
4. Настапила со фудбалер за кој со конечна одлука на надлежен орган за регистрација на фудбалери е утврдено дека е регистриран со неправилна примена на прописите за регистрација или врз основа на неточни податоци.
5. Настапила со фудбалер кој се наоѓа под казна за забрана на настап или суспензија, или ако клубот или екипата биле под суспензија,
6. Настапила со фудбалер кој не е евидентиран во составот на екипата на записник пред почетокот на натпреварот,
7. Заменила повеќе од дозволениот број на фудбалери на тој натпревар,
8. Настапила со фудбалер кој на тој натпревар претходно бил заменет,
9. Настапила со фудбалер кој на тој натпревар за таа екипа немал право на настап.
10. Започнала/играла натпревар со помалку млади фудбалери од пропишаните во Пропозициите за соодветното натпреварување.
11. Настапила со поголем број фудбалери странци од дозволениот (каде што е применливо)

Доколку жалбата ја поднесува клуб чија екипа е засегната со резултатот од натпреварот (трета страна) натпреварот ќе се регистрира со службен резултат 3:0 во корист на екипата која го играла натпреварот а не го направила прекршокот.

Органот кој го води натпреварувањето за направен прекршок по

погоренаведените основи поднесува барање/пријава за покренување дисциплинска постапка против клубот чија екипа го направила прекршокот, со исклучок на став 1 точка 2 на овој член кога се постапува согласно одлуката на надлежниот орган.

**Член 101**

Доколку се утврди врз основа на поднесена жалба од засегнат клуб дека и двете екипи настапиле со фудбалери под околности од член 100 од овој правилник, органот кој го води натпреварувањето натпреварот го поништува и истиот го евидентира како одигран.

Во случај на поништување на натпреварот, органот кој го води натпреварувањето должен е да поднесе барање за покренување на дисциплинска постапка против двата клуба.

БИТНА ПОВРЕДА НА ПРАВИЛАТА НА ФУДБАЛСКАТА ИГРА

**Член 102**

Органот кој го води натпреварувањето врз основа на поднесена жалба од страна на оштетен клуб натпреварот ќе го поништи и ќе определи наново одигрување на натпреварот доколку судијата не применил, или погрешно применил некои од битните одредби на Правилата на фудбалската игра и Одлуката за Меѓународниот борд и на ФФМ, а таа повреда влијаела на конечниот резултат.

Битна повреда на Правилата на фудбалската игра и Одлуката на меѓународниот борд на ФИФА (во понатамошен текст: повреда на Правилата на фудбалската игра), постои ако судијата не применил или погрешно применил некоја одредба која непосредно влијаеле на конечниот резултат на натпреварот а таа одлука не се засновува на слободно судиско убедување.

Сите одлуки кои се донесени на основа на слободно судиско убедување, (по мислење на судијата), не можат да бидат подведени под поимот повреда на битните одредби на Правилата на фудбалска игра.

Битна повреда на одредбите на Правилата на фудбалската игра секогаш постои :

1. Ако првенствен или куп натпревар (во понатамошен текст - натпревар), го водел судија кој не бил делегиран од надлежниот орган за делегирање на судии согласно Правилникот за судии и судење на ФФМ и Пропозициите од одредено натпреварување.

2. Ако натпреварот се игра на терен чии димензии не се во согласност со утврдените во одредбите на овој Правилник и Правилникот за инфраструктура.

Услов за прифаќање на жалбата по овој основ е клубот кој поднесува жалба на натпревар писмено да приговорил кај делегатот на натпреварот пред почетокот на натпреварот.

3. Ако натпреварот е игран со поголем број на фудбалери од 11 (единаесет) или помал број на фудбалери од 7 (седум).

4. Ако при спуштање на топката од раце (судиска топка) топката влегла непосредно во гол, а судијата ова го признал како погодок, а тој погодок имал



**Comment [EM6]:** УО, 04.10.2017 год се додава „ со исклучок на став 1 точка 2 на овој член кога се постапува согласно одлуката на надлежниот орган.“

непосредно влијание на конечниот исход од натпреварот.

За поништување на натпреварот поради тоа што судијата не применил, или погрешно применил некои од битните одредби на Правилата на фудбалската игра и Одлуката на Меѓународниот борд на ФИФА а таа повреда влијаела на конечниот резултат, органот кој го води натпреварувањето поднесува барање за покренување дисциплинска постапка.

УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБА НА ТАБЕЛА ПО НАПУШТАЊЕ/ДИСКВАЛИФИКАЦИЈА ОД НАТПРЕВАРУВАЊЕ/

**Член 103**

Доколку при натпреварување **во 2( два) круга** ,клуб се расформира, екипата го напушти натпреварувањето или е дисквалификувана за време на **првиот круг** - есенскиот дел на првенството, а екипата одиграла помалку од 50% во есенскиот дел, сите нејзини дотогаш одиграни натпревари ќе се сметаат како да не се одиграни, наредните натпревари кои требало да ги игра по распоред истотака ќе се сметаат како неодиграни и не влијаат на пласманот на табелата.

Доколку екипата на клубот одиграла 50% од есенскиот дел дотогаш одиграните натпревари се признаваат со постигнатиот резултат, а сите наредни натпревари ќе се регистрираат по службена должност со 3:0 во корист на неговиот противник до крајот на есенскиот дел од првенството.

Натпреварите од пролетниот дел кои требало да ги игра по распоред ќе се сметаат како неодиграни и не влијаат на пласманот на табелата.

Ако клуб се расформира ,екипата го напушти натпреварувањето или е дисквалификувана по одиграната есенска сезона или за време на првата половина на **вториот круг** - пролетната сезона, односно доколку екипата одиграла помалку од 50% од натпреварите сите негови натпревари од есенскиот дел се признаваат со постигнатиот резултат, а натпреварите кои ги одиграла и требала да ги одигра во пролетната сезона ќе се сметаат како неодиграни и не влијаат на пласманот на табелата .

Ако клуб се расформира или екипата го напушти натпреварувањето или е дисквалификувана за време на втората половина на пролетниот дел на првенството односно екипата одиграла 50% од натпреварите, сите нејзини дотогаш одиграни натпревари ќе се признаат со постигнатите резултати, а сите наредни натпревари до крајот на првенството ќе се регистрираат по службена должност со 3:0 во корист на противникот .

**Член 104**

Доколку при натпреварување **во 3(три) круга**, клуб се расформира, екипата го напушти натпреварувањето или е дисквалификувана за време на **првиот круг** на првенството, а екипата одиграла помалку од 50% во првиот круг, сите нејзини дотогаш одиграни натпревари ќе се сметаат како да не се одиграни, наредните натпревари кои требало да ги игра по распоред ќе се сметаат како неодиграни и не влијаат на пласманот на табелата.

Доколку екипата одиграла 50% од првиот круг дотогаш одиграните натпревари од првиот круг се признаваат со постигнатиот резултат, а сите наредни

натпревари ќе се регистрираат по службена должност со 3:0 во корист на противникот до крајот на првиот круг, додека во вториот и третиот круг оние натпревари кои требало да ги игра по распоред ќе се сметаат како неодиграни и не влијаат на пласманот на табелата.

Ако клуб се расформира, или екипата на клубот го напушти натпреварувањето или е дисквалификувана  за време на **вториот круг** на првенството, натпреварите од првиот круг остануваат регистрирани со постигнат резултат.

Доколку екипата одиграла помалку од 50% во вториот круг, сите нејзини дотогаш одиграни натпревари во вториот круг ќе се сметаат како да не се одиграни, наредните натпревари кои требало да ги игра по распоред ќе се сметаат како неодиграни и не влијаат на пласманот на табелата.

Доколку екипата одиграла 50% од вториот круг дотогаш одиграните натпревари од вториот круг се признаваат со постигнатиот резултат, а сите наредни натпревари до крајот на вториот круг ќе се регистрираат по службена должност со 3:0 во корист на противникот, додека во третиот круг оние натпревари кои требало да ги игра по распоред ќе се сметаат како неодиграни и не влијаат на пласманот на табелата.

Ако клуб се расформира или неговата екипа го напушти натпреварувањето или е дисквалификувана  за време на **третиот круг** на првенството, натпреварите од првиот и вториот круг остануваат регистрирани со постигнат резултат.

Доколку екипата одиграла помалку од 50% во третиот круг, сите нејзини дотогаш одиграни натпревари во третиот  круг ќе се сметаат како да не се одиграни, наредните натпревари кои требало да ги игра по распоред ќе се сметаат како неодиграни и не влијаат на пласманот на табелата.

Доколку екипата одиграла 50% од третиот круг дотогаш одиграните натпревари од третиот круг се признаваат со постигнатиот резултат, а сите наредни натпревари до крајот на третиот круг ќе се регистрираат по службена должност со 3:0 во корист на противникот.

**Член 105**

Ако клуб се расформира или неговата екипа го напушти натпреварувањето или е дисквалификувана при натпреварување во **4 (четири круга)** се применуват правилата како за натпреварување во три круга  до крајот на третиот  круг.

Во четвртиот круг  при поделба на групи за секоја група засебно се применува правилото кое важи за третиот круг на натпреварување осносно доколку нема поделба на групи се постапува како за натпреварување во три круга.

За останати видови на натпреварување се регулира со Пропозициите за соодветното натпреварување.

УТВРДУВАЊЕ НА ПЛАСМАН НА ТАБЕЛА ВО ПРВЕНСТВО

**Член 106**

За постојаните натпреварувања на ФФМ се води табела која ги содржи најмалку следните податоци:

1. Скратен назив на клубот чија екипа се натпреварува
2. Број на вкупно одиграни натпревари
3. Број на добиени натпревари
4. Број на нерешени натпревари
5. Број на изгубени натпревари
6. Број на дадени и примени голови
7. Број на освоени бодови.

Пласманот на табелата се утврдува со бројот на освоените бодови.

Ако екипите освојат ист број на бодови, за пласманот одлучува разликата меѓу дадените и примените голови (гол разлика).

Во случај гол разликата да е иста, повисоко место завзема екипата која дала повеќе голови.

Доколку и бројот на дадени голови е ист , одлучува исходот од меѓусебните натпревари во првенството.

Доколку и со исходот од меѓусебните натпревари во првенството, не може да се утврди предност органот кој го води натпреварувањето го утврдува пласманот со ждрепка во присуство на по еден овластен претставник на клубовите.

**Член 107**

Исключок во утврдување на пласман на табелата при ист број на бодови се прави доколку е во прашање утврдување на пласман кој одлучува за прво место, испаѓање од лигата односно поминување во повисок или понизок степен на натпреварување односно учество во клупските натпреварувања на УЕФА.

Ако клубовите имаат ист број на бодови во конечната/Play off/Play out табела во првенството, пласманот се утврдува на следниот начин:

Ако два клуба имаат ист број на бодови повисоко пласирана е екипата која во меѓусебните средби има подобар исход.

Ако три и повеќе клуба имаат ист број на бодови се прави дополнителна табела во која влегуваат резултатите од меѓусебните натпревари што ги одиграле екипите со ист број на бодови.

Доколку збирот на освоените бодови на дополнителната табела е ист, одлучува разликата меѓу дадените и примените голови.

Доколку разликата меѓу дадените и примените голови е иста, одлучува поголемиот број на постигнати голови во гости (кога се два клуба), односно поголем број на постигнати голови кога се во прашање три или повеќе клуба.

Доколку и со бројот на постигнати голови не може да се утврди предност тогаш се одигруваат натпревари меѓу изедначените клубови и тоа :

- два натпревари по двоен куп систем, ако се во прашање два клуба.
- три натпревари, по еднострук бод систем, на неутрален терен, ако се во прашање три клуба.
- потребен број натпревари по еднострук куп систем на неутрален терен, ако се во прашање четири или повеќе клубови.

Органот кој го води натпреварувањето може да донесе одлука доколку за тоа постои барање/согласност од заинтересираните клубови а по исклучок и по наод на самиот орган ако е во прашање интегритетот на натпреварувањето наместо одигрување на два и повеќе натпревари како што е наведено во ставот

што претходи, прашањето за пласман да се утврди и со одигрување на еден натпревар, ако се во прашање два клуба.

### Член 108

Одигрувањето на квалификациони, бараж натпревари се регулира со одредби во пропозициите за самото натпреварување или со посебни пропозиции кои може да ги донесе и органот кој го води натпреварувањето.

### Член 109

Согласно утврдениот пласман на табелата и бројот на екипи кои по правилата на УЕФА можат да земат учество во УЕФА натпреварувањата се утврдуваат екипите кои во зависност од конкуренцијата се натпреваруваат во:

1.Машка сениорска конкуренција

- Во УЕФА лига на шампиони од категоријата фудбал
  учество зема првакот на Прва МФЛ
- Во УЕФА лига на Европа од категоријата фудбал
  учествуваат клубови кои се пласирани подолу од првото место во Прва МФЛ согласно рејтингот на нашите клубови во Европа според УЕФА и победникот на финалниот КУП натпревар.
- Во УЕФА лига на шампиони во мал фудбал
- учество зема првакот на Прва лига во мал фудбал

2.Женска сениорска конкуренција

- УЕФА лига на шампиони во категоријата фудбал
  учество зема првакот на Прва лига во женски фудбал

Во УЕФА младинска лига учество зема младинската екипа на првакот на Прва МФЛ доколку сениорската екипа која го освоила националното првенство обезбеди пласман по правилата на УЕФА.

Доколку победникот на финалниот КУП натпревар е првопласираната екипа од табелата на прва МФЛ, правото за учество во лигата на Европа се утврдува согласно правилата на УЕФА .

Услов за учествување во УЕФА натпреварувањата покрај остварените спортски резултати е добивање на лиценца согласно Правилникот за лиценцирање за УЕФА натпреварувања на ФФМ.

Во случај кога екипата остварила спортски пласман а нема добиено лиценца, за натпреварување во УЕФА на нејзино место ќе учествува:

- во конкуренција за Лига на шампиони и Лига на Европа
  наредната екипа од утврдениот пласман на табелата што има добиено лиценца;
- во конкуренција за Лига на Европа од КУП натпреварувањето
  местото на победникот во финалето го завзема екипа согласно правилата на УЕФА.

За натпреварување на УЕФА кое не е предвидено со овој правилник, се постапува согласно правилата на УЕФА и Одлука на УО на ФФМ.

УТВРДУВАЊЕ НА ПЛАСМАН ВО КУП

**Член 110**

Во КУП натпревар кој се одигрува по еднострук систем, при постигнат ист број на голови, натпреварот ќе продолжи 2 пати по петнаесет минути.

Доколку во продолжението не се добие победник, ќе се пристапи кон изведување на пенали на начин утврден со правилата на меѓународниот борд - (упатство за изведување пенали), за добивање на победник во елиминаторни натпреварувања.

Со пропозициите за КУП натпреварувањето може да се предвиди во случај на нерешен резултат на куп натпревар по еднострук систем да не се игра продолжение, туку веднаш да се пристапи на изведување на пенали.

**Член 111**

На натпреварите кои се играат по двоен куп систем, победник е екипата која има подобар исход во меѓусебниот дуел.

Доколку од меѓусебниот дуел не може да се прогласи победник поради идентичен резултат на двете средби се пристапува кон изведување на пенали по одигрување на вториот натпревар.

Доколку двата натпревара завршат нерешено со различен резултат победник е екипата која дала повеќе голови во гости.

Со пропозициите за КУП натпреварувањето може да се предвиди во случај на нерешен исход на куп натпревари по двострук систем пред изведување на пенали да се игра продолжение од 2 х 15 минути.

**Член 112**

Доколку на финалниот натпревар за Фудбалскиот куп на Македонија, по истекот на регуларното време од натпреварот резултатот остане нерешен се игра продолжение од 2 х 15 минути.

Доколку резултатот остане нерешен и по одиграните продолженија, победникот на купот ќе се добие со изведување на пенали на начин утврден со правилата на Меѓународниот борд.

СПОЈУВАЊЕ НА КЛУБОВИ

**Член 113**

Спојување на клубови се врши на заедничко собрание на двата клуба најдоцна 45 дена пред почеток на првенството.

Спојување на клубови може да направат само клубови регистрирани како правни лица во ист регистар кај надлежниот државен орган кои територијално припаѓаат на ист Општински фудбалски сојуз или Град Скопје

Спојување значи и легален престанок на двата клуба како правни лица и создавање на нов клуб како правно лице кој го задржува местото на табелата на повисоко рангираниот клуб.

Не е дозволено спојување на клубови кои во тековната година го губат стекнатиот статус на клуб кој се натпреварува во Прва односно Втора или Трета

лига на ФФМ односно во натпреварување кое има повеќе од еден степен .

ПОЧИТУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

**Член 114**

Клубот е должен своите финансиски обврски од пропозициите за натпреварувањето и оние кои произлегуваат од натпреварувањето да ги извршува во утврдените рокови.

По исклучок, органот кој го води натпреварувањето, овој рок може да го продолжи така што обврските од една натпреварувачка сезона мораат да се регулираат најдоцна 30 (триесет) дена пред започнувањето на натпреварувањето во следната сезона, односно полусезона.

За непостапување по став 1 и 2 од овој член, органот кој го води натпреварувањето може да донесе одлука:
- за дисквалификација на екипата од натамошно натпреварување во текот на првенството,
- за невклучување на екипата во наредната натпреварувачка година.

ОРГАН КОЈ РАКОВОДИ СО НАТПРЕВАРУВАЊЕТО

**Член 115**

Органот кој раководи со натпреварувањето во зависност од уредувањето во Статутот на ФФМ и членката на ФФМ, претставува:
- колегијален орган составен од 3-5 члена
- индивидуален орган

**Член 116**

Органот кој раководи со натпреварувањето се избира од страна на Управниот одбор на ФФМ /членката на ФФМ соодветно.

Колегијалниот орган работи на седници.

Работата и составот на органот кој раководи со натпреварувањето поблиску се уредува со Правилник за организација.

**Член 117**

Органот кој раководи со натпреварувањето ги има следните надлежности:
- раководи со натпреварувањето во согласност со Правилникот за натпреварување на ФФМ, пропозициите за соодветното натпреварување и други акти на ФФМ
- ги спроведува одлуките на Управниот одбор
- го утврдува календарот за натпреварување
- го утврдува распоредот на натпреварите
- ги регистрира натпреварите и одлучува по сите приговори и жалби на одиграните натпревари во прв степен
- води евиденција на опоменати и исклучени фудбалери

- одлучува по барања на клубови за промена на време на почеток на одигрување на натпревар.
- одлучува по барања на клубови за одложување на одигрување на натпревар
- изрекува суспензија согласно одредбите на овој правилник
- изрекува суспензија на терен по предлог на Телото за инфраструктура.
- го прати и анализира системот на натпреварување и предлага негови измени и дополнувања.
- предлага делегатска листа
- ги одредува делегатите на натпреварите, ја прати и анализира нивната работа.
- на делегат на натпревар ,за утврдени пропусти од поголемо значење може до крајот на полусезоната/сезоната да му оневозможи користење на правото да биде делегиран.
- извршува и други работи по препорака на УО на ФФМ
- изрекува автоматски казни
- извршува и други работи согласно одредбите на овој правилник

**Член 118**

Органот кој раководи со натпреварувањето при регистрирање на натпреварот од постојано натпреварување може да решава по службена должност и по основ на жалба на оштетен клуб освен ако со овој правилник не е поинаку регулирано.

Оштетен клуб во смисла на претходниот став се подразбира секој клуб кој е оштетен со резултатот на натпреварот на кој се вложува жалба.

**Член 119**

Жалба на натпревар се поднесува до органот кој го води натпреварувањето како првостепен орган.

Жалбата се најавува во писмена форма (со телеграма,е-маил,факс, на рака) во рок од 24 часа по одигрувањето на натпреварот.

Сите жалби во два примерока со образложение мора да се достават до надлежниот орган за натпреварување со уредно уплатена пропишана такса во рок од 72 часа од денот на одигрување на натпреварот.

Доколку рокот за вложување на жалбата истекува во недела или на државен празник, рокот за вложување на жалбата се продолжува за првиот нареден работен ден.

Неблаговремено вложените, нетаксираните и недоволно таксираните жалби ќе бидат отфрлени со решение.

Поблиски одредби за жалбената постапка можат да се уредат со Пропозициите за натпреварувањето.

**Член 120**

Секоја жалба треба да се реши најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот, доколку со пропозициите на натпреварувањето не е предвиден друг рок.

Доколку за одлучувањето по жалбата е потребна или се води постапка пред друг орган на ФФМ или нејзина членка согласно актите на ФФМ, решавањето на

жалбата се одложува до конечната одлука на органот при што се води сметка за интегритетот на натпреварувањето.

По исклучок (за куп натпревари, натпревари од последни кола на натпреварувањето и слично) може да се пропише посебна жалбена постапка со скратени рокови за вложување и решавање на жалби со пропозициите за соодветното натпреварување.

**Член 121**

Доколку прво степениот орган не се произнесе по наводите на жалбата во рок од 8 дена од денот на приемот на жалбата се смета дека жалбата е одбиена како неоснована.

Незадоволната страна има право на жалба до второстепениот орган во рок од 3(три) дена од добивање на одлуката односно 3 (три) дена од последниот ден кога првостепениот орган требал да донесе одлука доколку истата не ја донел.

**Член 122**

Второстепената одлука мора да биде донесена во рок од 8 дена, доколку со пропозициите на соодветното натпреварување не е предвидено поинаку.

Одлуката на второстепениот орган (Комисија за жалби)е конечна и против неа не може да се изјави друг редовен правен лек.

Доколку во рок од осум дена од денот на доставувањето на второстепената жалба Комисијата за жалби не одлучува ќе се смета дека жалбата е одбиена како неоснована.

Поблиски одредби за жалбената постапка во втор степен можат да се уредат со Пропозициите на соодветното натпреварување.

ЗАШТИТА НА ПРАВИЛНИКОТ

**Член 123**

Барање за заштита на Правилникот за натпревари се поднесува по конечна одлука на второстепен орган со која е потврдена , преиначена или укината одлука на орган кој раководи со натпреварување од системот на постојано натпреварување согласно одредбите на овој правилник.

**Член 124**

Незадоволната страна од конечната второстепена одлука може да поднесе предлог/барање за покренување на постапка за заштита на законитост на Правилникот за натпревари во случај да смета дека при одлучување во прв/втор степен се повредени одредбите на Правилникот за натпревари.

Предлогот/барањето се поднесува во рок од 5 (пет) дена од добивање на одлуката на второстепениот орган односно 5 (пет) дена од последниот ден кога првостепениот орган требал да донесе одлука .

**Член 125**

Предлогот се поднесува писмено преку органот кој ја донел конечната одлука кој со целокупната документација и свое мислење за наводите во предлогот во рок од 3(три) дена треба да го достави до Правната комисија наФФМ.

Поднесеното барање не го одложува извршувањето на второстепената одлука.

Предлогот/барањето за заштита на Правилникот се таксира согласно одлука на УО на ФФМ.

Барање за заштита на Правилникот покрај засегнатата страна може да поднесе Дисциплинскиот инспектор и Надзорниот комитет на ФФМ во рок од 30(триесет) дена од објавување на второстепената одлука.

**Comment [EM7]:** 7.11.2017 УО се брише Комисија за статут и правилници на ФФМ се додава Правната комисија наФФМ.

**Член 126**

Правната комисија на ФФМ може да одлучува по предлозите за поведување постапка за заштита на правилникот поднесени против одлуки на органи на натпреварување и дисциплински тела на членките на ФФМ.

Управниот одбор на ФФМ одлучува по предлозите за поведување постапка за заштита на правилникот поднесени против одлуки на органи на натпреварување и дисциплинските тела на ФФМ и/или органи на натпреварување и дисциплински тела на членките на ФФМ , по добиена предлог одлука на Правната комисија на ФФМ.

Управниот одбор на ФФМ/Правната комисија во рамките на својата надлежност најдоцна во рок од 3(три) месеци од поднесувањето а не подоцна од денот пред одигрување на последното коло во соодветното натпреварување носи конечна одлука со која го усвојува барањето делумно или во целост, или го одбива Барањето за заштита на Правилникот за натпревари.

Доколку УО на ФФМ/Правната комисија во рамките на својата надлежност барањето го усвои делумно или во целост, одлуката на второстепениот орган може да ја укине и го врати предметот на повторно одлучување или мериторно да одлучи.

Доколку во наведениот рок од став 2 на овој член , УО/Правната комисија не донесе одлука се смета дека Барањето за заштита на правилникот е одбиено.

**Comment [EM8]:** измени УО 07.11.2017 се менува став 1 на начин што зборовите :
„По поднесеното барање за заштита на Правилникот за натпревари, Комисијата за статут и правилници се произнесува со предлог-одлука до Управниот одбор на ФФМ" се менуваат со „ Правната комисија на ФФМ може да одлучува по предлозите за поведување постапка за заштита на правилникот поднесени против одлуки на органи на натпреварување и дисциплински тела на членките на ФФМ.
-, нов став 2,
став2,3 и 4 стануваат 3,4 и 5 , се додава Правна комисија

**НЕПОСТОЈАНИ НАТПРЕВАРУВАЊА**

**Член 127**

Управниот одбор по иницијатива на клуб или по своја иницијатива може да донесе одлука во една натпреварувачка година да организира натпреварување на „Б" тимови на клубови кои со своите сениорски екипи учествуваат во едно од официјалните постојани натпреварувања на ФФМ .

За одржливоста на ваквото натпреварување потребно е учество на најмалку 6 екипи.

Доколку постои интерес за натпреварување пред секоја наредна натпреварувачка година , Управниот одбор на ФФМ се произнесува со одлука за организирање на натпреварувањето.

Натпреварувањето во соодветна лига со „Б" тимови е непостојано и неофицијално натпреварување.

Правото на настап се регулира во пропозициите за ова натпреварување.

Во натпреварувањето на „Б" тимови, се изготвуваат записници, се евидентираат јавни опомени и доделуваат црвени картони но истите не се процесуираат и и немаат влијание на наредните натпревари.

Сите правила за организирање, учество во лигата на „Б" тимови ќе бидат регулирани со Пропозиции за натпреварување со „Б" тимови кои на предлог на клубовите учесници се усвојуваат од страна на Управниот одбор пред почеток на натпреварувањето.

**Член 128**

Натпреварувањето во детски фудбал е неофицијално натпреварување во кое учество земаат деца од 7 до 12 години независно од полот.

За натпреварувањето во детски фудбал сите правила без исклучок се пропишуваат во Пропозициите за детски фудбал.

**Член 129**

Пријателските натпревари и турнири се дел од непостојаните и неофицијални натпреварувања, за истите се изготвуваат записници кои се доставуваат во евиденцијата на соодветната Судиската комисија на ФФМ /Трета лига/ОФС во зависност од територијалната припадност на домаќинот-организатор односно од видот на натпреварот(национален/меѓународен).

За меѓународни натпревари оргиналниот записник задолжително се доставува до Меѓународната комисија на ФФМ.

Пропустите во организацијата на пријателските натпревари и турнири се санкционираат согласно одредбите на Дисциплинскиот Правилник на ФФМ.

За тренинг натпреварите како посебна форма на натпревар од непостојано неофицијално натпреварување, не се изготвува записник и не се поднесува извештај.

За тренинг натпреварите важат правила за натпреварување кои се договараат пред почеток на натпреварот, не важат правилата за право на настап, замени и друго.

На тренинг натпреварите можат да гостуваат фудбалери од други клубови со дозвола од клубот за кој се регистрирани.

СОГЛАСНОСТ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НЕПОСТОЈАНИ НАТПРЕВАРИ

**Член 130**

За намерата за **организирање** на промотивен, меморијален и друг вид на **турнир** на територија на Р.Македонија ,се поднесува барање за согласност до Меѓународната комисија на ФФМ 8(осум) дена пред почеток на турнирот доколку на турнирот учествуваат еден или повеќе странски клубови.

Доколку на турнирот не учествуваат странски клубови, барање согласност за организирање на промотивен, меморијален и друг вид на турнир се поднесува 8 (осум) дена пред почеток на турнирот до органот кој раководи со

натпреварувањето каде учествува клубот домаќин.

Согласност за организирање дава органот до кого е поднесено барањето за организирање согласно одредбите на овој член.

Исклучок од став 2 е организирање на турнир, пријателски натпревар на Тренинг центарот на ФФМ за што согласност дава Комисијата за натпревари на ФФМ.

Со барањето за согласност за организирање на турнирот се доставуваат:

- пропозиции
- барање за делегирање на судии

Доколку како организатор се јави друг правен субјект, согласност за организирање дава органот кој раководи со натпреварувањето во ОФС кој ја зафаќа територијата на која се одржува турнирот освен за територија на Град Скопје за што согласност дава соодветниот орган кој го води натпреварувањето во ФФМ .

**Член 131**

За **учество** во промотивен, меморијален и друг вид на турнир надвор од територијата на Р.Македонија барање за согласност се поднесува најмалку 8(осум) дена пред почеток на турнирот до Меѓународната комисија на ФФМ.

За барањето се известува и органот кој раководи со натпреварувањето доколку барањето е поднесено за период кога се играат првенствени или куп натпревари.

При давање на согласност надлежниот орган ја цени оправданоста на барањето и го има во предвид Календарот за натпреварување на ФФМ за што го известува клубот за истото.

**Член 132**

За намерата за **организирање на пријателски натпревар** со странски клуб (меѓународен натпревар) на територија на Р.Македонија клубот организатор ја известува и бара согласност од Меѓународната комисија на ФФМ и го известува органот кој раководи со постојаното натпреварување каде клубот кој се јавува како организатор се натпреварува.

За **учество** на пријателски натпревар надвор од територијата на Р.Македонија / меѓународен натпревар/ клубовите кои се натпреваруваат во системот на постојани натпреварувања бараат согласност за учество од Меѓународната комисија на ФФМ.

За намерата за организирање на пријателски натпревар од/со клуб учесник во постојано натпреварување се известува и се бара согласност од органот кој раководи со натпреварувањето каде клубот домаќин се натпреварува или стекнал право да се натпреварува.

Со барањето за согласност последователно се доставува и барање за делегирање на судии.

Барањата за согласност се доставуваат 5 (пет) дена пред натпреварот, а во оправдани случаеви, не помалку од 24 часа пред натпреварот.

Во случај на итно постапување (24 часа пред натпревар), надлежното тело по увид во барањето може да даде согласност и по електронски пат.

По исклучок и по процена на надлежното тело кое ја дава согласноста во периодот по завршување на сезоната/полусезона а пред почеток на следната може да го овласти администраторот на комисијата да постапи по барањето и за тоа да

го извести надлежното тело.

При давање на согласност надлежниот орган ја цени оправданоста на барањето го има во предвид календарот за натпреварување, правилата на УЕФА и ФИФА (каде што е применливо) и го известува клубот за истото.

НАСТАП НА РЕГИСТИРАНИ ФУДБАЛЕРИ НА ФФМ

**Член 133**

Регистрирани фудбалери од еден клуб може да гостуваат на тренинг натпревари, пријателски натпревари и турнири за друг клуб само со писмено одобрение од својот клуб.

Фудбалерот и клубот кои ќе постапат спротивно на претходниот став на овој член, ќе одговараат по одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

**Член 134**

На фудбалски натпревари независно каде се одигруваат, каде како репрезентации се јавуваат екипи организирани од страна на правни субјекти неповрзани со ФФМ (студентски, средношколски и други репрезентации) , може да настапуваат регистрирани фудбалери - членови на ФФМ, исклучиво по претходно одобрение на клубот за кој се регистрирани.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 135**

Одредбите од член 7 и член 27 од овој правилник ќе се применуват од натпреварувачката 2015/16 година.

Одредбите од член 78 став 4 и 5 и член 79 став 1, 2 и 4 за натпреварите од Прва МФЛ, Втора МФЛ и Третите лиги од овој Правилник ќе се применуваат од натпреварувачката 2015/16 година.

Изрекувањето на автоматски парични казни за опомenати и исклучени фудбалери и службени лица за натпреварите од Прва МФЛ, Втора МФЛ и Третите лиги за натпреварувачката 2014/15 година ќе се заснива на одредбите на член 26 став 3 и член 50 од Правилникот за натпревари објавен во Макфудбал бр.29 од 12.10.2011 година.

Со усвојување на овој правилник, престанува да важи Правилникот за натпревари објавен во Макфудбал бр.29 од 12.10.2011 година и сите негови измени и дополнувања со исклучок на член 26 став 3 и член 50 за времетраење како што е наведено во претходниот став (за натпреварувачката 2014/15 година).

**Член 136**

Членките на ФФМ имаат обврска при вршењето на своите статутарни цели и задачи во рамките на своите надлежности , доследно да се придржуваат и ги применуваат одредбите на овој правилник.

**Член 137**

Одредбите на овој Правилник се задолжителни и се применуват на сите натпревари од системот на постојано натпреварување на ФФМ.

За непостојаните натпреварувања и натпревари се применуваат одредбите на овој правилник кои ги уредуваат ваквите натпревари.

**Член 138**

Барањата за толкување на овој Правилник се поднесуваат преку правната служба на ФФМ до Управниот одбор на ФФМ, кој е овластен да дава толкување на одредбите од овој Правилник.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски